РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА ВЕЛЕС
Сектор за урбанизам, заштита на животната средина, комунални дејности, евроинтеграции и локален економски развој

УП БР. 1310-29
од 17.12 2020 год.
Велес

Врз основа на член 35 став 3 од Законот за просторно и урбанистичко планирање (Сл.Весник на РМ бр.199/14, 44/15, 193/15, 31/16, 163/16, 168/18 и 32/20), член 50 точка 4 од Законот за локална самоуправа ("Сл.весник на РМ" бр.5/02), член 51 од Статутот на Општина Велес, (Сл. Гласник 12/06, 03/09, 18/10 и 15/14), и донесената Годишна програма за изработување на урбанистички планови на Општина Велес за 2020 година со Одлука бр бр. 25-4504/5 од 15.11.2019 година, од Советот на Општина Велес, Градоначалникот на Општина Велес го дава следното:

# СООПШТЕНИЕ

## За организирање на јавна презентација и јавна анкета По Предлог ДЕТАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА ДЕЛ ОД УРБАН БЛОК 43, УРБАНА ЕДИНИЦА VII, ОПШТИНА ВЕЛЕС

Граници на опфатот се :

- На запад – ја сече КП 7602 по осовина, со намена јавни патишта.
- На север- по осовина на улица „Васил Главинов"
- На исток пресек на улица „Белградска" и улица „Васил Главинов"
- На југ – по осовина на улица „Белградска".

Опфатот е со површина од 0,46 ха.

Јавната анкета и Јавната презентација по Предлог **ДЕТАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА ДЕЛ ОД УРБАН БЛОК 43, УРБАНА ЕДИНИЦА VII, ОПШТИНА ВЕЛЕС**, ќе се спроведе со објавување Соопштение во информацискиот систем е-урбанизам како и во две јавни гласила, поставување на страната на Општина Велес и со излагање на Предлог планот во Граѓанскиот сервис центар на Општина Велес.

Јавната анкета ќе трае 10 работни дена, од 24.12. 2020 до 11.01 2021 год., од 7,30 до 15.30 часот.

Во споменатиот рок, заинтересираните граѓани и правни лица можат да доставуваат писмени забелешки, предлози и мислења на анкетните листови.

Јавната презентација со стручно презентирање на планот ќе се одржи на ден 29.12.2020 година во 10:00 часот преку конференциска врска со употреба на софтверската алатка Cisco WebexMeeting.

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Велес
Аце Коцевски